Република Северна Македонија
**Министерство за економија**
**Биро за метрологија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**
**Byroja për metrologji**

**Број** 0302- 727/20/
**Датум** 24.11.2021

Врз основа на член 51, став 3 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр. 71/14, 199/14, 48/15, 154/15, 51/16, 142/16, 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 и 14/20), а во врска со интерен оглас за унапредување на државни службеници бр. 01/2021, објавен од страна на Министерство за економија-Биро за метрологија на 30.07.2021 год., Директорот на Министерство за економија-Биро за метрологија ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Со оваа одлука не се врши избор на **ниеден** од пријавените кандидати, по однос на точка 1 и точка 2 од објавениот интерен оглас за унапредување на државни службеници бр. 01/2021 поради неисполнување на условите, наведени во предметниот интерен оглас и Законот за административни службеници.
2. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.
3. Оваа одлука да се објави на веб страната на Министерство за економија-Биро за метрологија и на огласна табла.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:** Постапувајќи по доставените пријави од објавениот интерен оглас за унапредување на државни службеници бр. 01/2021, Комисијата, формирана за таа цел, пристапи кон разгледување на сите доставени пријави, заедно со прилозите.
По спроведувањето на постапката, Комисијата изготви Извештај од административна селекција за интерен оглас, во кој се констатира дека кај сите пријавени кандидати недостасува документ (доказ) за здравствената состојба на пријавените кандидати, што преставува неисполнување на еден од условите, наведени во интерниот оглас и Законот. Заради тоа, а постапувајќи согласно Законот, се пристапи кон донесување на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука е дозволена жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена.

**Директор/Drejtori**

**Merita Mustafai**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА СКОПЈЕ

Изработил: Михајло Мишковски, раководител на одделение за човечки ресурси